МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 90 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15 и 11/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ПОДДРШКАТА ОД МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ, ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ И ВИСИНАТА НА ПОДДРШКАТА ЗА ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ ПО КОРИСНИК ЗА ПОЕДИНЕЧНА МЕРКА

## Член 1

Во Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/11, 80/13, 72/14 и 88/15), во членот 2 став (1) точка 1) алинејата 1 се менува и гласи:

„- за подигање на нови лозови насади: минималната прифатлива површина е 0,2 ха, задолжително извршена агрохемиска анализа на почвата, избраните сорти да се во согласност со Листата на домашни и странски признаени или одобрени сорти винова лоза и лозни подлоги, а посадочниот материјал по хектар обработлива земјоделска површина да е најмалку 1389 садници/ха;".

Алинејата 2 се менува и гласи:

„- за подигање на нови повеќегодишни овошни насади,повеќегодишни насади со ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) минималната прифатлива површина е 0,2 ха, задолжително извршена агрохемиска анализа на почвата, видот на овошниот насад и ароматичното растение и бројот на сертифициран посадочен материјал по хектар да е во согласност со табелата дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник;".

Во алинејата 6 бројот „2" се заменува со бројот „1", а бројот „10" се заменува со бројот „20".

## Член 2

Во членот 5 став (1) точка д) алинејата 3 се менува и гласи:

„ – набавка на опрема за производство на мед и пчелни производи (центрифуги, топилник за восок, млин за шеќер, пчеларска вага, садови за мед, декристализатор и електричен отклопувач на саќе) и“.

Во ставот (2) алинеја 10 износот „922.000 денари“ се заменува со износот „1.800.000 денари“.

## Член 3

Прилогот 1 се брише.

## Член 4

Прилогот 2 се заменува со нов Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-1372/5

19 февруари 2016 година

Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
м-р Михаил Цветков, с.р.